**20221411886**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 јуни 2022 година донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

I

Во Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/22), во дел I, став (2), во табелата, во мерката 1 износот „210.000.000“ се заменува со износот „160.000.000“, а во мерката 2 износот „190.000.000“ се заменува со износот „240.000.000“.

II

Во дел II во ставот (1) во воведната реченица износот „210.000.000“ се заменува со износот „160.000.000“.

III

Во дел III во ставот (1) во воведната реченица износот „190.000.000“ се заменува со износот „240.000.000“.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-5287/1
14 јуни 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.